19.4.2002, бр. 442



По одржувањето на Конференцијата на УНЕСКО во Париз

# Нов регионален културен центар во Скопје!

*На иницијатива на генералниот директор на УНЕСКО, г-дин Коичиро Мацура, во седиштето на организацијата во Париз, на почетокот на месецов се одржа "Конференција на високо ниво за соработка меѓу УНЕСКО и државите членки од југоисточна Европа". На конференцијата учествуваше и делегација од нашата земја предводена од министерката за култура Ганка Самоиловска - Цветанова, која како наш предлог-проект ја предложи идејата за отворање регионален културен центар во Скопје, што беше едногласно прифатена*



Министерката Г. С. Цветанова: Успешно меѓународно претставување на Македонија

Целта на состанокот во Париз беше да се промовира регионалната соработка во југоисточна Европа, да се разгледаат приоритетните области, како човековите права и демократијата, воспоставувањето на научни мрежи, промовирање на културната разноликост и овозможување пристап на информациите. На конференцијата беше иницирана и меѓународната соработка со нови партнерства со Советот на Европа, Европската комисија, Пактот за стабилност, Светската банка и др. Предложените активности на УНЕСКО во регионот беа изнесени во документот "*Соработка меѓу УНЕСКО и нејзините земји членки од југоисточна Европа: Стратешки приод*", подготвен од Специјалната група 1, во кој се вградени одреден број интердисциплинарни и меѓудржавни предлог-проекти кои треба да се имплементираат во партнерството со други агенции активни во регионот. Нашата делегација го презентираше предлог-проектот за отворање регионален културен центар во Скопје, кој ќе се вика "*Унескова куќа на уметностите на земјите од југоисточна Европа*", а како објект е одбран "Мала станица", простор од околу 2.000 квадратни метри, во кој на секоја држава од регионот би ѝ се отстапиле по 150 квадратни метри, простор во кој би можеле да презентираат нивни културни достигнувања. Овие оддели би биле опремени со модерна опрема за изведба на различни видови културни презентации, а во рамките на културниот центар би постоел и мал кино простор за некомерцијални презентации од областа на филмот и другите уметности. Според соопштението од Министерството, проектот наишол на голема заинтересираност од страна на присутните и бил целосно прифатен, така што се очекува наскоро да бидат одобрени средства за отпочнување со адаптирањето на објектот.

Дополнително збогатување на културните настани, како дел од активностите на Министерството, претставуваат новостите коишто се однесуваат на областа на филмот и филмската индустрија. Во таа смисла Министерството за култура ги исполни сите предуслови за потпишување на конвенцијата за копродукција во кинематографијата со што филмската индустрија во Македонија се здобива со шансата за стекнување со статусот на копродуцент за техничко и уметничко партиципирање, финансиски копродукции, влез и престој на уметничкиот и техничкиот персонал, извоз и увоз на кинематографски дела, учество на фестивали и др., со тоа се отвора одлична шанса филмациите многу полесно да се стекнуваат со повеќе ресурси за добивање финансиски средства за реализација на нивните идеи, што по себе ќе значи и побогата домашна филмска продукција.

Во контекст на подобрувањето на филмската уметничка сцена во Македонија, се најавува и отпочнување на уште еден филмски фестивал во земјава, најверојатно уште годинава во декември, којшто би имал уникатна програма и би се разликувал од сите постоечки, но деталите за таквата идеја од министерството сѐ уште се чуваат во тајност.

Како прилог за движењето напред на оваа уметност е и информацијата дека на Филмскиот фестивал во Висбаден, Германија, за апсолутен победник е прогласен филмот "Радост на животот" на македонскиот режисер Светозар Ристевски, реализиран со средства од министерството за култура.

*С. Т.*